2.20.5.69

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 16 мај 1969
Скопје
Број 18 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**118.**

Врз основа на точка 4 став 1 од Одлуката за постапката за верификација на мандатите на пратениците на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 6 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОНИШТУВАЊЕ ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА СКОПЈЕ XI

I

Се поништува изборот на пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Скопје XI, одржан на 13 април 1969 година, поради неправилности при спроведувањето на изборите.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 1500
6 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с р.

---

**119.**

Врз основа на точка 4 став 1 од Одлуката за постапката за верификација на мандатите на пратениците на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 6 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОНИШТУВАЊЕ ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИК НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА КИЧЕВО I

I

Се поништува изборот на пратеник на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Кичево I, одржан на 23 април 1969 година, поради неправилности при спроведувањето на изборите.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 1502
6 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с р.

**120.**

Врз основа на член 3 од Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1967—1970 година на подрачјето на град Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 20/67 и 32/68), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА НАМЕНАТА НА ПРЕОСТАНАТИОТ ДЕЛ ОД НЕРАСПРЕДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА САНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ

1. Од нераспределените средства од член 1 од Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот од 1967—1970 година на подрачјето на град Скопје се распределуваат и тоа на:

| | | |
|---|---|---|
| — Извршниот совет, за изградба на станови | 1,450.000 | динари |
| — Републички секретаријат за внатрешни работи, за адаптација на зградите на Центарот за стручно образование „Идризово“ и за опрема на Секретаријатот | 3,000.000 | „ |
| — Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, за изградба на зградата на ЦК СКМ | 2,000.000 | „ |
| — Универзитетот во Скопје, за изградба на амфитеатар и опрема на Технолошко-металуршкиот факултет | 1,500.000 | „ |
| — Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика, за опрема на здравствени институции | 1,000.000 | „ |
| — Медицински факултет, за санација на поликлиниките во новиот клинички блок | 1,000.000 | „ |
| — Клиниката за хируршки болести, за адаптација на зградата и опрема | 1,500.000 | „ |
| — Болницата за нервни и душевни болести во Бардовци, за изградба на павиљон | 500.000 | „ |
| — Републичкиот завод за здравствена заштита, за опрема | 300.000 | „ |
| — Републичкиот хидрометеоролошки завод, за опрема | 70.000 | „ |

2. Средствата од претходната точка на корисниците им се доделуваат без обврска на враќање.

3. Распределените износи со оваа одлука ќе им се стават на располагање на корисниците во текот на 1969 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12—904/1
16 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**121.**

Врз основа на точка 6 од Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1969 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/69), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРЕМИЈА ЗА КРАВЈО И ОВЧО МЛЕКО ВО 1969 ГОДИНА

1. Работните организации и самостојните организации — правни лица во состав на работните организации што произведуваат кравјо и овчо млеко сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители, можат да ја наплатуваат премијата од точка 1 од Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1969 година, под условите предвидени со таа одлука ако собранието на општината на чие подрачје е седиштето на купувачот или на корисникот на сојузната премија, обезбеди средства за исплатување на премија од најмалку 0,10 динари по 1 литар кравјо и овчо млеко.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1004/1
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**122.**

Врз основа на член 83 од Законот за основното училиште („Службен весник на СРМ“ бр. 7/69), републичкиот секретар за образование, наука и култура донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПОЛАГАЊЕТО НА ПОПРАВНИТЕ, ОДДЕЛЕНСКИТЕ И ВОНРЕДНИТЕ ИСПИТИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се определува начинот на полагањето на поправните, одделенските и вонредните испити во основното училиште во склад со одредбите на Законот за основното училиште.

Член 2

Поправните, одделенските и вонредните испити од член 80 од Законот за основното училиште се полагаат само во основното училиште што ученикот го посетувал.

Вонредните испити од член 82 од Законот за основното училиште можат да се полагаат во секое основно училиште во кое се изведува одделенска односно предметна настава за одделението што кандидатот го полага.

Вонредниот испит од претходниот став за едно или повеќе одделенија започнат во едно училиште не може да се продолжи во друго училиште.

Член 3

Полагањето на поправните, одделенските и вонредните испити во основното училиште е јавно.

Член 4

Поправните, одделенските и вонредните испити се полагаат според наставниот план и програма за редовните ученици на основното училиште.

Вонредниот испит од член 82 од Законот за основното училиште кандидатот може да го полага и според наставниот план и програма за основно образование на возрасните ако во училиштето се изведува таква настава. Во тој случај како одделение во смисла на овој правилник се смета соодветната година на школувањето на возрасните.

Член 5

Вонредниот испит од член 82 од Законот за основното училиште може да се полага:

1. во еден испитен рок за едно одделение по сите предмети;

2. во еден испитен рок за повеќе одделенија по сите предмети;

3. во повеќе испитни рокови по група предмети од едно одделение;

4. во еден или повеќе испитни рокови по одделни предмети предвидени со наставниот план на основното училиште, така што кандидатот кога со успех ќе ги положи испитите по сите предмети да го заврши основното училиште.

Кандидатите од точката 2 на претходниот став вонредниот испит го полагаат според наставниот план и програма за највисокото одделение со тоа што на испитот се проверуваат познавањата на наставното градиво и по предметите предвидени со наставниот план на пониските одделенија.

Член 6

Поправниот испит по одделен предмет може да се полага само еднаш.

### II. ИСПИТНИ РОКОВИ И ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ИСПИТ

Член 7

Поправните испити се изведуваат во втората половина на месец август.

Одделенските испити се изведуваат во месец јуни и во втората половина на месец август.

Вонредните испити се изведуваат во три редовни испитни рокови, јунски, августовски и јануарски.

Поправниот, одделенскиот и вонредниот испит во основното училиште може да се полага и вон роковите од претходните ставови ако за тоа постојат оправдани причини.

Член 8

Кандидатите за полагање поправен, одделенски и вонреден испит поднесуваат до училиштето писмена пријава.

Кон пријавата кандидатот прилага документ за претходното завршено одделение, а кандидатите што полагаат вонреден испит и извод од матичната книга на родените. Во пријавата се наведува претходното образование и се означува испитот, предметот, одделението и начинот на кој кандидатот сака да го полага испитот (член 5).

### III. ИСПИТНИ КОМИСИИ И НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Член 9

Поправните, одделенските и вонредните испити во основното училиште се полагаат пред испитна комисија на училиштето.

Испитната комисија се состои од претседател, постојан член и член испитувач — наставник по предметот што се полага.

Комисијата работи во полн состав.

Член 10

Поправниот, одделенскиот и вонредниот испит за одделни наставни предмети се состои од писмен и устен дел или само од устен дел.

Писмен дел од испитот се полага по предметите за кои со наставната програма е пропишано да се работат писмени задачи.

Член 11

За писмениот дел од испитот, по предлог од испитувачот, испитната комисија определува три теми односно групи задачи од кои кандидатот избира една за писмена работа.

Кога повеќе кандидати во исто време полагаат испит за исто одделение, за писмениот испит се даваат исти теми односно групи задачи за сите кандидати.

Писмениот дел од испитот трае два наставни часа.

Член 12

Испитната комисија обезбедува кандидатите писмената задача да ја работат непречено и самостојно.

Кандидатот што писмената задача не ја работи самостојно, прво ќе се опомене за тоа, а во повторен случај испитната комисија ќе го земе предвид овој факт при утврдувањето на оценката за успехот на кандидатот.

На ист начин се постапува и со кандидатот што со своето држање го попречува текот на испитот.

Член 13

Писмената работа ја прегледуваат и оценуваат сите членови на испитната комисија. Оценката мора да биде образложена.

Член 14

На усниот дел од испитот кандидатите се допуштаат без оглед на успехот што го покажале на писмениот дел од испитот.

Член 15

На усниот дел од испитот на кандидатот му се поставуваат прашања непосредно, водејќи сметка со прашањата да бидат опфатени сите делови на наставната програма.

Усниот дел од испитот по одделни предмети трае додека не се добие уверување за знаењата на кандидатот, но најмногу 45 минути.

Член 16

По завршениот устен дел од испитот по одделен предмет испитната комисија ја утврдува оценката на успехот по тој предмет.

При утврдувањето на оценката по предметот по кој се полага писмен и устен дел од испитот, оценката не се изведува аритметички туку според општиот наод на испитната комисија.

Член 17

За начинот на оценувањето на учениците кои полагаат испити во основното училиште сходно се применуваат одредбите од Правилникот за оценување и напредување на учениците во основното училиште.

Кандидатите што полагаат вонреден испит не се оценуваат по поведение.

Член 18

Ако кандидатот или неговиот родител односно старател поради тоа што не е задоволен со оценката добиена на поправниот, одделенскиот и вонредниот испит, поднесе приговор на оценката, се применуваат одредбите на член 77 од Законот за основното училиште.

IV. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИСПИТИТЕ

Член 19

За текот на полагањето на испитите се води записник за секој кандидат посебно.

Записникот го потпишуваат сите членови на испитната комисија.

Ако некој член на испитната комисија има издвоено мислење за оценката на кандидатот или за некоја друга одлука на испитната комисија, во записникот се внесува и неговото издвоено мислење.

Член 20

За учениците што полагаат поправен и одделенски испит резултатите од испитот се внесуваат во одделенската книга на соодветното одделение.

Член 21

За кандидатите што полагаат вонреден испит во основното училиште се води посебна матична книга.

Член 22

Записникот за полагањето на поправните, одделенските и вонредните испити и матичната книга на вонредните ученици се водат според образец утврден со прописите за педагошката евиденција во основното училиште.

Член 23

На кандидатите што полагале поправен, одделенски или вонреден испит, резултатите од испитот им се соопштуваат преку ученичката книшка.

На кандидатите што го положиле поправниот, одделенскиот или вонредниот испит за VIII одделение по сите предмети им се издава свидетелство за завршено основно училиште.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за полагањето на поправните, одделенските и вонредните испити во основните училишта („Службен весник на НРМ" број 16/61).

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 07—615/1
15 април 1969 година
Скопје

Го заменува републичкиот секретар за образование, наука и култура,
Републички секретар за труд,
**Вите Исијановски**, с. р.

---

**123.**

Врз основа на член 83 од Законот за основното училиште („Службен весник на СРМ" бр. 7/69), републичкиот секретар за образование, наука и култура донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Со овој правилник поблиску се определува начинот на оценувањето и напредувањето на учениците во основното училиште во склад со одредбите на Законот за основното училиште.

Одредбите на овој правилник сходно се применуваат и на оценувањето и напредувањето на учениците во специјалните основни училишта (член 5 од Законот за специјалните училишта) како и на слушателите на училиштата односно паралелките за основно образование на возрасните, доколку со прописите за тие видови училишта не е поинаку определено.

Член 2

За да им биде познато на учениците дали и во која мера со покажаните резултати ги задоволиле барањата што им ги поставува училиштето, секоја оценка им се соопштува јавно. Кога се оценуваат учениците од V — VIII одделение при давањето на оценката треба, да се сослуша и мислењето на другите ученици, вклучувајќи го тука и ученикот на кого му се дава оценката.

За оценките што на ученикот му се утврдени на крајот на наставните периоди, а по потреба и за оценките дадени во текот на наставниот период, се обавестуваат и родителите односно старателот на ученикот.

Член 3

На учениците кои во текот на учебната година преминуваат од едно во друго основно училиште полугодишните односно годишните оценки можат да им се утврдат и во текот на наставниот период ако при преминот има доволно елементи за утврдување на полугодишната, односно годишната оценка.

Полугодишните односно годишните оценки утврдени според одредбите на претходниот став се внесуваат во педагошката евиденција на училиштето во кое ученикот преминува, со забелешка дека оценките се утврдени во училиштето од кое ученикот преминал.

Член 4

Конечната полугодишна и годишна оценка се утврдува врз основа на следењето на целиот тек на работата на ученикот и претставува синтетички суд за тоа до која степен ученикот ги постигнал наставните цели на соодветниот предмет до моментот кога оценката се утврдува.

Пред утврдувањето на конечната полугодишна односно годишна оценка по одделен предмет, одделенскиот односно предметниот наставник е должен да ги провери постигањата на ученикот најмалку два пати во текот на наставниот период и тоа: еднаш во првата и еднаш во втората половина на наставниот период за кој му се утврдува оценката.

Член 5

Резултатите постигнати во работата со учениците по наставниот предмет основи на општественоморалното воспитување и во слободните и други активности се следат и убележуваат во педагошката евиденција, но тие не се оценуваат посебно.

Член 6

На учениците им се утврдува само годишна оценка за општиот успех.

Член 7

Оценка одличен за општиот успех може да добие ученик кој по повеќе од половината наставни предмети има оценка одличен (5) и најмногу по еден предмет оценка добар (3).

Оценка многу добар за општиот успех може да добие ученик кој по повеќе од половината наставни предмети има оценка многу добар (4) и најмногу по еден предмет оценка доволен (2).

Оценка добар за општиот успех може да добие ученик кој по повеќе од половината наставни предмети има оценка добар (3) и нема ниедна оценка недоволен (1).

Оценка доволен за општиот успех може да добие ученик кој по повеќе од половината наставни предмети има оценка доволен (2) и нема ниедна оценка недоволен (1).

Општиот успех на учениците кои се упатуваат да го повторат одделението се оценува со оценка недоволен.

Член 8

Општиот успех на учениците што се упатуваат на продолжителна настава и на учениците што полагаат испити се утврдува по завршувањето на продолжителната настава, односно по полагањето на испитот.

Член 9

Утврдените полугодишни и годишни оценки се внесуваат во соодветната училишна документација и им се соопштуваат на учениците и нивните родители.

Член 10

Ако родителот односно старателот на ученикот поради тоа што не е задоволен со оценката по одделен наставен предмет што е внесена во ученичката книшка односно свидетелството поднесе приговор на оценката се применуваат одредбите на член 77 од Законот за основното училиште.

Член 11

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за оценување и напредување на учениците во основното училиште („Службен весник на НРМ“ број 16/60, 38/60 и 16/61).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 07-40/2
15 април 1969 година
Скопје

Го заменува републичкиот секретар за образование, наука и култура
Републички секретар за труд,
**Вите Исијановски,** с. р.

---

**124.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката за утврдување границите на мелиоративното подрачје „Пелагонија“ во реонот што го опфаќа општина Прилеп, донесена од Собранието на општина Прилеп на 15 декември 1965 година, по одржаната јавна расправа на 9 април 1969 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се одлага одлучувањето за законитоста на Одлуката за утврдување границите на мелиоративното подрачје „Пелагонија“ во реонот што го опфаќа општина Прилеп, донесена од Собранието на општина Прилеп на 15 декември 1965 година.

2. На Собранието на општина Прилеп, во смисла на член 23 од Законот за Уставниот суд на Македонија, му се дава можност во рок од 2 месеца да ја преиспита Одлуката и да ја усогласи со републичкиот Закон за води.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Прилеп“.

4. По повод барањата на граѓани од повеќе села во општината Прилеп, Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување законитоста на Одлуката означена во точка 1 на ова решение.

Уставниот суд на Македонија констатира дека со оваа одлука Собранието на општина Прилеп, во смислата на став 2 на член 30 од републичкиот Закон за води, ги утврдило границите на мелиоративното подрачје и дека Водостопанското претпријатие „Пелагонија“ во Битола, на основа член 88 од Основниот закон за водите, наплатува надоместок за одводнување од сите сопственици односно корисници на земјишта што се наоѓаат во така утврденото мелиоративно подрачје.

Меѓутоа, на основа наводите во претставките на граѓаните, како и наводите на учесниците во постапката изнесени на јавната расправа, Уставниот суд на Македонија утврди дека всушност во границите на мелиоративното подрачје се опфатени три вида земјишта и тоа: 1) земјишта кои се наоѓаат под непосредно или посредно влијание на изградениот систем за одводнување кој позитивно дејствува за подоброто искористување на земјиштето; 2) земјишта за кои системот за одводнување, во времето кога тие биле опфатени во границите на мелиоративното подрачје, ѕеуште не бил довршен и 3) земјишта кои се наоѓаат под влијание на изграден систем за одводнување но кој негативно се одразува на искористувањето на земјиштето во однос на времето пред неговата изградба.

Оценувајќи ја законитоста на оваа одлука Уставниот суд на Македонија имаше предвид дека членот 30 на републичкиот Закон за води предвидува дека за „мелиоративно подрачје се смета земјиштето што се наоѓа во подрачјето на влијанието на објектите и постројките за одводнување, како и земјиштето на кое функционирањето на објектите и постројките за одводнување посредно влијае на попогодно природно истечување на површинските или подземните води".

Од оваа одредба на Законот, според мислењето на Уставниот суд, несомнено произлегува: а) дека во мелиоративното подрачје со одлука на општинското собрание можат да бидат опфатени само земјиштата кои се под непосредно или посредно влијание на веќе изграден систем на објекти и постројки за одводнување и б) дека непосредното или посредното влијание на објектите и постројките за одводнување треба да е позитивно, т.е. да обезбедува подобро искористување на земјоделското или друго земјиште.

Според тоа, по мислењето на Уставниот суд, не се исполнети законските услови за опфаќање на едно земјиште во мелиоративното подрачје, а со тоа и за плаќање надоместок за одводнување, ако системот за одводнување не е завршен или сеуште не функционира или ако функционирањето на тој систем, од разни причини, не придонесува за подоброто искористување на земјиштето.

Бидејќи со Одлуката на Собранието на општина Прилеп, што е предмет на оценување, во мелиоративното подрачје биле опфатени и земјишта за кои системот за одводнување, во времето кога биле утврдени границите на мелиоративното подрачје, не бил довршен односно не започнал да функционира, како и земјишта на кои системот за одводнување не влијае позитивно на нивното подобро искористување, Уставниот суд на Македонија наоѓа дека таа одлука не е во согласност со републичкиот Закон за води.

5. Уставниот суд на Македонија реши да го одложи одлучувањето и да му даде можност на Собранието на општина Прилеп да ја преиспита и усогласи Одлуката со Законот со оглед на тоа дека Судот, на основа наводите на претставникот на Собранието на општина Прилеп изнесени на јавната расправа, констатира дека и Собранието на општина Прилеп стои на мислење дека Одлуката делумно е незаконита и дека доколку му се даде можност ќе ја преиспита и усогласи со законот.

У. бр. 86/68
9 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

## ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА — СТРУГА

Врз основа на член 162 ст. 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на СРМ донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ПОВТОРНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА СТРУГА II

1. Се распишуваат повторни избори за избор на пратеник за Социјално здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Струга II.

2. Изборите за пратеник на Социјално здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за изборната единица Струга II, ќе се одржат на ден 27. VI. 1969 година во Собранието на општината Струга.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а пропишаните рокови ќе течат од 15. V. 1969 година.

Општинска изборна комисија — Струга

Секретар,
**Ристо Башуроски**, с. р.

Претседател,
**Јордан Кочов**, с. р.

Член,
**Круме Миладинов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Пред Општинскиот суд Скопје I се води постапка по предлог на Блажо Петров Митревски, од Скопје, ул. „Македонска" бр. 11, за огласување за неважна диплома бр. 2515 од 31. VIII. 1950 година за завршено Индустриско средно-техничко училиште — Отсек рударски, во Скопје на име Блажо Митревски, загубена во 1968 година.

Се повикува секое лице што ја поседува или нешто знае за загубената диплома да му соопшти на судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ". Во противен случај по истекот на рокот, дипломата ќе се огласи за поништена.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 123 од 23. IV. 1969 година. (31)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I се води постапка по предлог на Изаир Асанов Дураку од село Рашче за огласување за загубено свидетелството за завршено четврто одделение основно училиште во 1930/35 година во училиштето во село Рашче, Скопско, кое е загубено во 1941/42 год.

Се повикува секое лице што го поседува или знае нешто за свидетелството да му соопшти на судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ". Во противен случај свидетелството ќе се огласи за поништено.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 101 од 24. IV. 1969 година. (33)

Општинскиот суд Скопје I, ги известува сите заинтересирани физички и правни лица дека во спорот заведен по тужбата на Нестор Мирчовски од Скопје, против тужената Стојанова Јованка, со непозната адреса, за утврдување на договор, заведена при овој суд под П. бр. 1818/69, на тужената за привремен застапник и го одредува Примислав Марковиќ, адвокат од Скопје. Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужената во постапката се додека тужената или нејзиниот полномошник не се јават пред судот, односно додека органот на старателството не го извести судот дека ѝ поставил старател.

Од Општинскиот суд Скопје I, Скопје, П. бр. 1818/69. (36)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

При Општинскиот суд во Битола, се води постапка за расправување оставината на покојната Капетановска Александра (Цапова) Спирова, родена 1898 година, државјанин на СФРЈ, умрена на 1. Л. 1961 година во село Маловиште.

Се повикуваат наследниците на покојната Александра, во рок од една година од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јават на Општинскиот суд во Битола. Во спротивно оставината на покојната Александра ќе се расправи помеѓу наследниците кои се јавија на судот, и ќе се смета дека други наследници покојната не оставила.

Од Општинскиот суд во Битола, О. бр. 186/68. (32)

# РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окрупниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. XI. 1967 година, рег. бр. 20/60, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата број 1 во Прилеп на Трговското претпријатие „Скопски метал" од Скопје и гласи: Продавница број 1 во Прилеп на Трговското претпријатие „Технометал-Македонија" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 343/67. (87)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. I. 1969 година, рег. бр. 9/65, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 16 во Битола, на булевар „Први мај" број 142, на Трговското претпријатие „Технометал-Македонија" од Скопје, уште и со: промет со сите видови резервни делови за возила и машини, автогуми, акумулатори, сите видови алати и други потреби за возила и машини.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 118 од 6. I. 1969 година на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Технометал-Македонија" од Скопје и решението бр. 08-33/263/8982 од 23. XII. 1968 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 12/69. (382)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга III, е запишана под фирма: Продавница во Охрид, на ул. „Јане Сандански" бр. 32, на Рибарското стопанство „Охридска пастрмка" од Охрид. Предмет на работењето на продавницата е продажба на месо, сувомесни и млечни производи.

Раководител на продавницата е Лаброски Лазар.

Продавницата е основана од Рибарското стопанство „Охридска пастрмка" од Охрид, со одлука бр. 02-187/2 на работничкиот совет и решението бр. 07-уп-873 од 19. VI. 1968 година, на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 301/68. (1893)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 13/68, книга II, е запишано под фирма: Претпријатие за аеродромски услуги — Аеродром „Охрид" во изградба, со седиште во Охрид. Предмет на работењето на претпријатието е: одржување, реконструкција и изградба на воздухопловни пристаништа, прифаќање и опрема на воздухопловни патници, багаж и стока на воздухопловното пристаниште.

Претпријатието е основано од Собранието на општината Охрид, со решението бр. 04-7156/2 од 17. VII. 1968 година.

Претпријатието ќе го потпишува Митески Гоце, директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 342/68. (1894)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 4/57, книга II, е запишана под фирма: Продавница во Прилеп, ул. „Републиканска" бб, на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црни Бор" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: промет со режена граѓа, градежен материјал, градежна столарија, намештај, железарија, отпадок и друго од регистрираната дејност на комбинатот.

Раководител на комбинатот е Конески Владо.

Продавницата е основана од Дрвно-индустрискиот комбинат „Црни Бор" од Прилеп, со одлуката број 02-5971/1 од 15. V. 1968 година на работничкиот совет и уверенијата на санитарниот и пазарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и комбинатот „Црни Бор" — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 286/68. (1896)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 4/57, книга II, е запишана под фирма: Продавница — отворено складиште во Прилеп, на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црни Бор" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на режена граѓа, градежен материјал, градежна столарија, отпадок и друго од регистрираната дејност на комбинатот.

Раководител на продавницата е Петрески Бошко.

Продавницата е основана од Дрвно-индустрискиот комбинат „Црни Бор" од Прилеп, со одлука бр. 02-5972/1 од 15. V. 1968 година на работничкиот совет и уверението на пазарната и санитарната инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 287/68. (1897)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 3/59, книга II, е запишана под фирма: Продавница во село Дебреште, на Работната организација „Жито-Македонија" — прехранбен комбинат Скопје — Филијала во Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мелнички производи и замена на истите.

Раководител на продавницата е Ријаноски Тренко.

Продавницата е основана од „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Филијала во Прилеп, со одлуката на работничкиот совет од 28. VII. 1967 година и уверението за техничка опременост на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и филијалата во Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 302/68. (1899)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 1/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница број 6 во село Варош, Прилеп на Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела“, од село Варош. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на прехранбени, колонијални и сувомесни производи, млеко и млечни производи, како и други мешани стоки.

Раководител на продавницата е Јанески Јаначко.

Продавницата е основана од Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела“ од село Варош, со одлуката бр. 44/ЗС од 5. II. 1968 година на задружниот совет и уверенијата на пазарниот и санитарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 305/68. (1900)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. број 1/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница број 7 во село Ропотово, на Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела“ од село Варош. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени, колонијални и други мешани стоки.

Раководител на продавницата е Цветановски Миленков Сандре.

Продавницата е основана од Здружената земјоделска задруга „Н. Х. Орде Чопела“ од село Варош, со одлуката бр. 44/ЗС од 5. II. 1968 година на задружниот совет и уверенијата на пазарниот и санитарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 306/68. (1901)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 16/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница на ул. „Херој Карпош“ број 3 во Прилеп, на Производното услужно и трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на своите производи-влечки, детски чевли и други кожарски работи.

Раководител на продавницата е Станковски Александар.

Продавницата е основана од Производното услужно трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп, со длуката бр. 38 од 26. VII. 1968 година на работната заедница и уверението на пазарната и санитарната инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 348/68. (1902)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 16/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница број 1 во Прилеп, на Производното услужно и трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на влечки, детски чевли и дополнителна трговска стока од регистрираната дејност на претпријатието.

Раководител на Продавницата е Мартиновски Орде.

Продавницата е основана од Производното услужно и трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп, со одлуката бр. 38 од 26. VII. 1968 година на работната заедница и уверенијата на надлежната инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 349/68. (1903)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 27/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во Прилеп, ул. „Сотка Георгиев“ бр. 79, на Трговската и производна организација на големо и мало „Квалитет“ — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: промет со текстил и текстилни производи, галантерија, куса стока, трикотажа, како и други стоки од лен, јута и волна произведени од претпријатието „Квалитет“ од Скопје.

Раководител на продавницата е Ивановски Трајче.

Продавницата е основана од Трговската и производна организација на големо и мало „Квалитет“ од Скопје, со одлуката бр. 226 од 24. VI. 1968 година на работничкиот совет и уверението на санитарниот и пазарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 307/68. (1904)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 6/55, книга III, е запишано под фирма: Продавница во село Присовјани, на Земјоделската задруга „Напредок“ од село Ложани. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на производи од прехранбената индустрија (освен сувомесни производи), прехранбени артикли и предмети за домашни потреби, индустриска стока, текстил во помал обем, петрол и др.

Раководител на продавницата е Симоновски Боге.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Напредок“ од с. Ложани, со одлуката бр. 815/2 од 17. V. 1968 година на задружниот совет и решението бр. 08-3979/75 од 28. VI. 1968 година на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 344/68. (1907)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. VII. 1968 година, рег. бр. 10/68, книга II, е запишана под фирма: Продавница во Струга, на Земјоделската задруга „Житоше“ — трговија на големо и мало од село Мршевци, Скопско. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на производите од прехранбената индустрија (освен сувомесни производи), прехранбени артикли и предмети за домашни потреби.

Раководител на продавницата е Ариф Ш. Волино.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Житоше“ — трговија на големо и мало село Мршевци, Скопско, а согласно со решението бр. 08-3358/73 од 20. VI. 1968 година на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што е овластено да ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 283/68. (1908)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 14/68, книга П, е запишана под фирма: Продавница во село Вевчани, Струга на Трговското угостителско претпријатие на големои мало „Снежана“ од Ѓорче Петров — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на прехранбени артикли и предмети за домашни потреби, деликатесни производи (освен сувомесни и млечни производи), алкохолни и безалкохолни пијалоци, мешата индустриска стока, житарици и мелнички производи и сточна храна.

Раководител на продавницата е Велковски Ѓорѓи.

Продавницата е основанаод Трговското угостителско претпријатие „Снежана“ од Ѓорче Петров, со одлуката бр. 03-320 од 3. VI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-3749/83 од 18. VII. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 345/68. (1909)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 9/68, книга П, е запишано под фирма: Експрес бифе во Струга, на Претпријатието за обработка и трговија на алкохолни пијалоци „Грозд“ од Струмица. Предмет на работењето на бифето е обавување на угостителска дејност, точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци, како и продажба на истите, на мало.

Раководител на бифето е Белчевски Димитру.

Продавницата е основана од Претпријатието „Грозд“ од Струмица, со одлуката бр. 02-2733/1 од 15. VI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-2760/3 од 18. V. 1968 година на Одделението за инспекциски служби на Собраниетото на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 270/68. (1910)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. VII. 1968 година, рег. бр.21/68, книга Ш, е запишана под фирма: Продавница број 13 во село Октиси, на Земјоделската задруга „Светлост“ од с. Вевчани. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на сите видови прехранбени производи и сите видови на производи врз база на шеќер, сите видови на текстилни, индустриски и галантериски производи, месни конзервирани производи (освен сувомесни и млечни производи), сите видови овошја и зеленчук и сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Раководител на продавницата е Цаноски Нафче.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Светлост“ од село Вевчани, со одлуката бр. 235 од 12. VI. 1968 година на задружниот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 339/68. (1911)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 10/66, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Сервис-продавницата во Битола, на РИЗ електроника-телекомуникација-аутомација — Загреб и гласи: Здружено предузеќе „Искра“ — РИЗ — Загреб — Индустриска продавница и сервис — Битола.

Се менува и дејноста на продавницата и сервисот — Битола и ќе гласи:

а) продажба на сопствени и други производи од гранката електро-индустрија;

б) поправка на сопствени и други производи од гранката електро-индустрија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 352/68. (1912)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 13/65, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата бр. 5 во Битола, на Работната организација „Јавор“ од Скопје и гласи: Работна единица број 11 во Битола на Работната организација „29 ноември“ од Скопје.

Раководител на продавницата — работната единица бр. 11 во Битола е Павле Јанкуловски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 310/68. (1913)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 3/64, книга П, е запишано следното: Се проширува дејноста на Пословницата во Охрид на Југословенско-туристичкото и автобуско претпријатие „Путник“ од Белград, уште и со: продажба на печат и списанија и промет со училишен прибор, на мало.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 12379 од 23. V. 1968 година на работничкиот совет на Претпријатието „Путник“ од Белград.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 364/68. (1915)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 30/66, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата број 27 во Прилеп, на Работната организација „Јавор“ од Скопје и гласи: Работна единица број 10 во Прилеп, на Работната организација „29 ноември“ од Скопје.

Раководител на работната единица бр. 10 во Прилеп е Талевски Дончо.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 319/68. (1916)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга П, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 14 во Прилеп на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 354/68. (1917)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга П, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 5 во Прилеп на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 355/68. (1918)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 4 во Прилеп, на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 356/68. (1919)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 2 во Прилеп, на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 357/68. (1920)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 1 во Прилеп, на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки услуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 358/68. (1921)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавница број 17 во Прилеп, на Претпријатието за производство на готова облека и шивачки улсуги „Солидност“ од Прилеп, уште со: продажба на текстил, текстилни производи, галантериска и базарска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 359/68. (1922)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 7/66, книга II, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата број 10 во Битола на Работната организација „Јавор“ од Скопје и гласи: Работна единица број 12 во Струга на Работната организација „29 ноември“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 320/68. (1923)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. VII. 1968 година, рег. бр. 13/63, книга I, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ѓорѓи Петар Георгиевски, досегашен директор на Претпријатието за транспорт од Битола. За директор е назначен Бакрачевски П. Наум.

Се овластува Бакрачевски Петар Наум, директор, покрај досегашните потписници Христовски Димитар и Наумова Ружа, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 340/68. (1924)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. VII. 1968 година, рег. бр. 199/55, книга I, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ивановски Јаким, досегашен директор на Индустријата за кожи „Борис Кидрич“ од Битола. За в. д. директор е назначен Цалевски Александар.

Се овластува Цалевски Александар, в. д. директор, покрај досегашните потписници Нечев Благој, раководител на комерцијалниот сектор, и Секуловски Тасе, раководител на општокадровскиот сектор, да ја потпишува Индустријата за кожи „Борис Кидрич“ од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 323/68. (1925)

---

